Март 2017 / БРОЈ 25 - Публикација на Занаетчиска комора Скопје www.zkskopje.org.mk

# ЗАНАЕТЧИЈА

## МОЌТА НА ДИЗАЈНОТ И ЗАНАЕТОТ









- УЧЕСТВО НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА "ВКУСОТ НА ТРАДИЦИЈАТА
- РЕАЛИЗИРАНА РАБОТНИ СРЕДБИ
- СТРУЧНИ ОБУКИ - СЕМИНАРИ
- ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ОД КОМОРАТА
- ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ
- ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВОТО ВО СКОПЈЕ
- БАЗАРИ ПО ПОВОД 8-МИ МАРТ
- ПРОЛЕТЕН БАЗАР НА ДОМАШНИ РАКОТВОРБИ



# Учество на Занаетчиска комора Скопје на манифестацијата " ВКУСОТ НА ТРАДИЦИЈАТА"

Шаржа ОАЕ 07-23 април 2016 год.

По остварената посета на Г-дин Абдулазис заменик на шејкот на Шаржа и неговата делегација во организација на Амбасадорот на РМ во ОАЕ Абу Даби г-дин Сашо Ташевски во Занаетчиска комора Скопје. Занаетчиската комора Скопје беше поканета за учество на манифестацијата **" ВКУСОТ НА ТРАДИЦИЈАТА од 07 – 23 април 2016 година.**
За настанот Занаетчиската комора Скопје изготви каталог со сите учесници на настанот ,со нивните контакти и нивните производи и проспект за презентација на комората.
На 07 мај со најголеми почести се отвори манифестацијата на која беше присутен Шејкот на Шаржа и Амбасадори од многу земји .На Свеченото отварање настапи КУД Танец од Македонија.
Македонското занаетчиство за прв пат беше презентирано на Блискиот исток.
Домаќините организатори на настанот беа премногу задоволни и веднаш предложија ракотворбите да бидат оставени за настанот во септември оваа година.
Секој ден настанот беше покриен со медиуми и сите занаетчии, македонски готвачи и КУД беа промовирани на локалните и државни телевизии.



Исто така сите занаетчиите беа претставени во специјални печатени изданија.Телевизија АЛФА од Р.Македонија го снимаше целиот настан и направи посебни емисии кои беа емитувани .во емисиите беа промовирани маедонските традиционални занаети и Занаетчиската комора Скопје.



Се остварија контакти со голем број менаџери кои беа заинтересирани за продажба на сувенири.
Имаше интерес за обуки за нашите традиционални занаети и организаторите ни обезбедија средба и посета на училиште за деца со посебни потреби кои беа заинтересирани за обука за нашите занаети.






## РЕАЛИЗИРАНА РАБОТНА СРЕДБА ПОМЕЃУ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ И КОМОРА НА ПРОФЕСИИ И ЗАНАЕТИ КАЛВАДОС-ОРН-ДОЛНА НОРМАНДИЈА , ФРАНЦИЈА

На ден 19.05.2016 година во просториите на Занаетчиската комора Скопје со помош на Локомотива- Центар за нови иницијативи во Уметноста и Културата, се одржа работна средба помеѓу Занаетчиска комора Скопје и Комората на професии и занаети Калвадос-Орн-Долна Нормандија Франција. Основна задача на комора е го одржуваат репертоарот на занаетите, да го организираат учењето и професионалната обука во областа на занаетите, да го поддржуваат економскиот развој на претпријатијата. Целта на работната средба е развивање нови типови на институционални соработка, во домените на едукација, размена на искуства, знаења, модели на продукција и взаемна промоција. На работната средба беше присутна директорката на комората Катерина Плоух, претставниците на Локомотива Виолета Качакова и Јана Ацевска, Претседателот на Занаетчиската комора Скопје, г-дин Никола Петров, извршниот директор на Занаетчиската комора Скопје Снежана Денковска и стручниот соработник Анета Атанасовска.



## Обука за фризери во организација на Занаетчиска комора Скопје и Балканското биро за занаетчиство и мало стопанство 19-21.02.2017

Во организација на Балканското биро за занаетчиство и мало стопанство и Занаетчиска комора Скопје од 19-21.02.2017 година се реализираше Обуката за фризери. Обуката се одржи во фризерски салон КУЛ КАТ и активно учество имаа 15 фризери. Работилницата е организирана во рамки на Проектот на Западен Балкан и се смета како подготвителен настан за мајсторскиот испит. Предавач на обуката беше г-дин Ансгарт Банерт. Работилницата беше поделена во два дела. Првиот ден од обуката започна со краток вовед за фризерството во Германија. Обучувачот ги презентираше најновите трендови во фризерството. Вториот ден фризерите имаа практична работа. На третиот ден од работилницата учесниците имаа задача на свои модели да ги применуваат техниките кои што го научиле од претходните два дена. Работилницата се гледа како на чекор напред во подготовките за мајсторскиот испит кој е најсигурен доказ за квалитетот и квалификација во занаетчиството.






# Стручни обуки - Семинари





## ЦВЕЌАРИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ УЧЕСНИЦИ НА ОБУКАТА ЗА АРАНЖИРАЊЕ НА ЦВЕЌЕ

Цвеќарите членови на ЗК Скопје учествуваа на обуката за аранжирање на цвеќе во Занаетчиската комора Скопје на 09-10. 05.2016 година организирана од Занаетчиската комора Скопје и ПУМ , обуката ја спроведе експертот Моник Ван Керкоф од Холандија.

На обуката учествуваа и ученици од завршните години од СУГС “Ѓорѓи Димитров” Скопје, заедно со професорката по практична обука и изработија прекрасни цветни аранжмани.



## СЕРВИСЕРИ НА ОПРЕМА ЗА ЛАДЕЊЕ –ЧЛЕНОВИ НА ЗКСКОПЈЕ УЧЕСНИЦИ НА РАБОТИЛНИЦА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОПРЕМАТА ШТО СОДРЖИ СРЕДСТВА ЗА ЛАДЕЊЕ ОРГАНИЗИРАН ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ



На ден 05.05.2016 година во просториите на Секретаријат за европски прашања, членови на секцијата електромеханичари при Занаетчиската комора Скопје учествуваа на работилница за евиденција и обележување на опремата што содржи средства за ладење организиран од страна на Министерството за животна средина. Најпрвин претставници од Министерството презентираа процент на уништување на озонската обвивка –осиромашување и заштита.Потоа следеше појаснување на националната легислатива во управување со средства за ладење, начин на водење евиденција и означување на опрема што содржи средства за ладење, лиценци за постапување со средства за ладење и изготвување на годишен извештај за видовите и количините на собраните, обновените и рециклираните средства за ладење. На работилницата се поставија многу отворени прашања во однос на обврските за поседувачот и сервисерот на опремата и начинот на водење евиденција и обележување на опремата што содржи средства за ладење.





Занаетчиската комора Скопје учествуваше на семинар на тема: **Fund Raising, Обезбедување на финансиски средства од трети извори- проекти, спонзорства , донации за занаетчиските организации и МСП и занаетчии организиран преку партнерската организација Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство Софија во рамки на проектот ,,Западен Балкан,, кој се одржа во Софија од 12-14 декември 2016 година под водство на обучувачот Диетер Рехманн од Германија**

Fundraising е стручен назив за професионално собирање средства кои ги користи организацијата.

При тоа не се работи само за Финансиски средства туку и за:

- Донација на опрема
- Добивање на персонал,експерти

На семинарот беа разработени компетенциите кои се потребни за некој да биде погоден за Fundraiser-a ( знаења за пазар, маркетинг, инструменти, методи, лични компетенции кои опфаќаат одоворност,способност на одлучувањеа,самодовербаи искреност) како и организациски и управувачки компетенции.







# ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ОД КОМОРАТА

Занаетчиска комора Скопје ул.Битпазарска бр.12
1000 Скопје; тел/факс :+389 2 3237850;
E-mail:info@zkomora.com.mk

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ 0302-259 23.05.2016

**ОД: Занаетчиска комора Скопје**
**ул. Битпазарска бр.12, Скопје**

**ДО: Министерство за заштита на животна средина и просторно планирање на Р. Македонија**

**За министер г-дин Башким Амети**
**Правна служба**
**Државен инспекторат**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ 23.05.2016 02 3724/1

**ПРЕДМЕТ: Барање за дополнување на чл. 22 - б од Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05....44/2015)**

Скопје, 20.05.2016 година

Почитувани,

Занаетчиска комора Скопје по разгледување на обврските кои ги имаат сервисерите членови на комората во однос на евиденцијата и обележување на опремата што содржи средства за ладење утарди дека од страна на Министерството за животна средина во чл. 22 б од Законот за животна средина занаетчиите се испуштени како категорија на субјекти кои можат да добијат лиценца која им е неопходна во текот на вршењето на дејноста.
Согласно Член 22б од Закон за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05....44/2015) е регулиран начинот на добивањето на лиценца за постапување со средства за ладење и/ или производи кои содржат средства за ладење
(1) Со средствата за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење треба да се постапува на начин со кој се спречува ослободување на опасни супстанции штетни по животната средина и се обезбедува нивно редовно одржување и спречување на истекувањата.
(2) Со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење може да постапува лице кои поседува лиценца за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење (во натамошниот текст: лиценца)
. (3) Лиценцата ја издава органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина за временски период од пет години, со можност за продолжување од по пет години.
(4) Два месеца пред истекот на временскиот период на важност на Лиценцата, носителот е должен да поднесе барање за продолжување

Занаетчиска комора Скопје ул.Битпазарска бр.12
1000 Скопје; тел/факс :+389 2 3237850;
E-mail:info@zkomora.com.mk

на истата, при што треба да ги исполнува условите од ставовите (8) и (9) на овој член.
(5) Лиценцата се издава во категории во зависност од видот на средствата за ладење со кое се постапува и/или производите кои содржат средства за ладење и постапката која што се применува при сервисирање и инсталација на производите за ладење, вклучувајќи го и начинот на кој се врши собирање, обновување и рециклирање на средствата за ладење.
(6) Видот на категориите на лиценците ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
(7) Лиценца може да добие физичко или правно лице.
(8) Физичко лице може да се стекне со лиценца доколку ги исполнува следниве услови: поседува уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производите кои содржат средства за ладење, поседува регистрација согласно со Законот за трговските друштва и има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење.
(9) Правното лице може да може да добие лиценца доколку ги исполнува следниве услови: има простор и опрема за постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење и има вработено најмалку едно лице кое има уверение за положен стручен испит за постапување со средства за ладење и/или производите кои содржат средства за ладење.
Согласно погоренаведеното од чл. 22 б став 1 точка 8 произлегува дека услов за добивање лиценца за физичките и правните субјекти е регистрацијата согласно Законот за трговски друштва.
Занаетчиите регистрирани согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност(Сл. Весник на РМ бр. 62/05...... 129/15) се испуштени како категорија и нема да можат да добијат лиценца за вршење на дејност, иако вршат дејност легално со регистрација согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност.

Бараме итна промена односно дополнување на чл. 22 б став 1 точка 8 од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05....44/2015) со додавање на занаетчиите како категорија субјекти регистрирани согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност( Сл. Весник на РМ бр. 62/05...... 129/15).

Се надеваме на позитивен одговор од Ваша страна.

Занаетчиска комора Скопје
Претседател
Никола Петров

Претседател на секција
електричари
Игор Секуловски

---

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

[redacted]

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ - Скопје
Примено: 29.07.2016
03 259/1

Архивски број: 13-3724/4
Дата: 07.2016

Република Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. 020 3251 403
Факс: 020 3220 165
E-пошта: info@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

ДО: Занаетчиска комора, Скопје
ул. „Битпазарска" бр.12

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање за дополнување на член 22-б од Законот за животна средина

Почитувани,

Ве информираме дека го примивме вашето барање за дополнување на член 22-б од Законот за животна средина и дека тоа е во фаза на разгледување. Ви напоменуваме дека поради малиот обем на предложените измени, истите ќе бидат земени предвид при следните измени на Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр.53/05...44/15).

МИНИСТЕР
Bashkim Ameti

Изработил: Фросина Антоновска
Контролирал: Драгана Чернопашковска
Одобрил: Јадранка Иванова
Согласен: државен секретар, д-р Сека Деспотовска

# ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

## РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ ФРИЗЕР И КОЗМЕТИЧАР

***Обуки за фризер 1 ниво и козметичар за нега на лице и тело преку проект за стручни обуки за зајакнување на вештини од областа на побаруваните занимања на пазарот на трудот IOM SK PO77/16***

Занаетчиската комора Скопје започна со стручните обуки за зајакнување на вештини од областа на побаруваните занимања на пазарот на трудот за занимањето фризер 1 ниво и козметичар за нега на лице и тело .

Главна цел на програмата за обука на Фризер 1 ниво и козметичар за нега на лице и тело е стекнување на вештини и компетенции за овие занимања со цел подобро да се снаоѓаат на пазарот на трудот и полесно наоѓање на работа или самовработување.

Се обучуваат вкупно 15 кандидати за фризер 1 ниво и 15 кандидати за козметичар за нега на лице и тело.

Кандидатите по завршување на обуката ќе имаат завршен испит и тие што ќе го положат испитот ќе се здобијат државно признат сертификат споредверификувана програма за образование на возрасни.










# ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

***Реализација на обука за филигран преку Оперативниот план за активни мерки за вработување на МТСП за 2016 година финансиски поддржана од АВРМ***

Во временскиот периодот септември-декември 2016 година преку Образовниот Центар на ЗКСкопје се реализира обука за изработка на накит од филигран за 8 (осум) долгорочно невработени лица. Кандидатите се обучуваат согласно верифицираната програма за филигран од страна на МОН и ЦОВ . Обуката беше финансиски поддржана од АВРМ преку Оперативниот план за активни мерки за вработување на МТСП за 2016 година.

















***Реализирана обука за фризер преку Оперативниот план за активни мерки за вработување на МТСП за 2016 година финанскиски поддржана од АВРМ***

Во периодот мај-август 2016 година преку Образовниот Центар на ЗКСкопје се реализира обука за фризер за 9 долгорочно невработени лица. Обучените лица се обучија согласно верифицираната програма за фризер од страна на МОН и ЦОВ и добија државно признати сертификати. Обуката беше финансиски поддржана од АВРМ преку Оперативниот план за активни мерки за вработување на МТСП за 2016 година.

# ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

### ОБУКИ ЗА ЗАНИМАЊА ПОБАРУВАНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД-ЕУ: ПРОЕКТ ПОДРШКА НА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛУЃЕ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ЖЕНИ (РЕФ. БРОЈ. 43749/1-5.4.4)-ОБУКА ЗА ФИЛИГРАН




Занаетчиска комора Скопје во соработка со Сервисен конгресен центар со финансиска поддршка од АВРМ преку проект Подршка на вработување на млади луѓе, долгорочно невработени и жени(Реф.број. 43749/1-5.4.4), реализира Обука за филигран во Филигрантската работилница во Занаетчиска комора Скопје на млади долгорочно невработени лица.Преку оваа програма се обучуваат вкупно 8 лица и се доделија државно признати сертификати согласно верифицираната програма за филигран од Центарот за возрасни и Министерство за Обрзовани и Наука на РМ.



### ОБУКИ ЗА ЗАНИМАЊА ПОБАРУВАНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД-ЕУ ПРОЕКТ : ПОДРШКА НА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛУЃЕ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ЖЕНИ (РЕФ. БРОЈ. 43749/1-5.4.4)-ОБУКА ЗА КОЗМЕТИЧАР

Занаетчиска комора Скопје во соработка со Сервисен конгресен центар со финансиска подршка од АВРМ преку проект Подршка на вработување на млади луѓе, долгорочно невработени и жени(Реф.број. 43749/1-5.4.4), реализира Обука за козметичар за нега на лице и тело на млади долгорочно невработени лица. Преку оваа програма се обучија вкупно 8 лица и се доделија државно признати сертификати согласно верифицираната програма за козметичар од Центарот за возрасни и Министерство за Обрзовани и Наука на РМ.






### ОБУКИ ЗА ЗАНИМАЊА ПОБАРУВАНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД-ЕУ ПРОЕКТ : ПОДРШКА НА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛУЃЕ, ДОЛГОРОЧНО НЕВРАБОТЕНИ И ЖЕНИ (РЕФ. БРОЈ. 43749/1-5.4.4)-ОБУКА ЗА МОНТЕР И ИНСТАЛАТЕР НА СОЛАРНИ ПАНЕЛИ

Занаетчиска комора Скопје во соработка со Сервисен конгресен центар со финансиска подршка од АВРМ преку проект Подршка на вработување на млади луѓе, долгорочно невработени и жени (Реф.број. 43749/1-5.4.4), реализира Обука за монтер и инсталатер на соларни панели на млади долгорочно невработени лица. Преку оваа програма се обучија вкупно 14 долгорочно невработени лица и се доделија државно признати сертификати согласно верифицираната програма за инсталатер и монтер на соларни панели од Центарот за возрасни и Министерство за Обрзовани и Наука на РМ.






# ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ПРЕВЗЕМИ АКЦИЈА ЗА ПОДОБРА КОНКУРЕНТНОСТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД ОД СТРАНА НА ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ ВО ПАРТНЕРСТВО СО ЦРВЕН КРСТ НА Р. МАКЕДОНИЈА



Во рамките на проектот „Преземи акција за подобра конкурентност на пазарот на труд“ , а согласно со планот за акција во месец ноември започнаа обуките за изучување занаетчиски занимања.



Со започнувањето на обуките се означи и почетокот на нова фаза во проектот која за корисниците ќе значи чекор поблиску до остварување на нивната цел – стекнување на сертификат за изучен занает и воедно можност за долгорочна промена на моменталната состојба, посебно на пазарот на труд. На почетокот на овој процес се даде важност на воспоставување на добра комуникација помеѓу занаетчиите, тимот од социјални работинци, психологот и корисниците како и градење на меѓусебен професионален однос.



Паралелно со овие обуки течат и работилниците за личен раст и развој кои истовремено допринесуваат за зајакнување на нивните капацитети и градење на



професионална личност. За време на сите тековни активности, тимот од социјални работници и психолог постојано се во комуникација со корисниците следејќи ги



нивните потреби и делувајќи преку давање на психосоцијална поддршка.



По завршување на обуките, 38 корисници ќе добијат сертификати за 14 занаети и тоа за фризер, козметичар за нега на лице и тело, шминкер и декорација на нокти, слаткар, пекар, декорирање на настани и уредување на ентериери, фотограф, рачно везење и плетење, кроење и шиење, филигранист, бравар, клучар и столар.

Овој проект го реализира Црвениот крст на Република Македојнија во партнетсво со Занаетчиска комора Скопје и е финансиран од Европска Унија, во рамки на Оперативната програма за развој на човечките ресурси 2007-2013 (ИПА компонента 4).









**Со цел промоција на филигранскиот занает и обуката за филигран тредиционално се одржа настан ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВО од 05-08 мај 2016 год во Сити мол Скопје**




# ДЕНОВИ НА ФИЛИГРАНСТВОТО ВО СКОПЈЕ – ОЖИВУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ КУЛТУРНИ ВРЕДНОСТИ




Од 06 ти до 08 ми мај 2016 се одржаа „Денови на филигранство" во Скопје Сити Мол, каде е претставен и промовиран филигранскиот занает кој претставува дел од македонската традиција. Филигранскиот накит е спој на филигранските техники и вештини и дизајнот, спој на традиционалното и современото – уметничко дело кое ја отсликува нашата култура.

На „Деновите на филигранството" се презентираа многубројни изработувачи на накит од филигран, накит од монистра, полудраги и драги камења, оргонит.

Свеченото отварање се одржи на 06ти мај во Скопје Сити Мол, каде свое обраќање имаше Претседателот на Занаетчиска Комора Скопје г-дин Никола Петров.

Целта на настанот е на едно место да се презентира уметноста, креативноста, дизајнот и умешноста на вредните раце на ракотворците кои ја испрепleле традицијата, културата на живеење со современото и модерно живеење и создале нешто единствено и вредно. Филигранскиот накит претставува уникатен и прекрасен украсен објект кој го одзема здивот и е вистинска скапоцена глетка.






Во склоп на тридневниот настан, „Деновите на филигранството", заинтересираните посетители имаа ексклузивна можност на лице место да видат како се изработува филигранот и да ги дознаат дел од тајните на овој познат и тежок занает.

Оваа промоција е прекрасен начин да се сочува традицијата и културата споена со модниот дизајн. За да се искуси моќта на било кое занаетчиство, и за да се допре, види, и почуствува дизајнот, мора занаетот да му даде постоење, изведба и реализација на дизајнот, па токму и затоа тие неможат еден без друг.

Со тек на времето се губат традиционалните културни вредности меѓу кои се вбројува и филигранот, но бидејќи од минатото неможе да се живее, потребно е насочување и фокусирање кон иднината, за да се спојат со современото живеење и за да се создадат и искреираат нови вредни и уникатни производи кои ќе влезат во креативната индустрија во земјата, но и во странство.

# ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ОД КОМОРАТА

Занаетчиска комора Скопје ул.Битпазарска бр.12
1000 Скопје; тел/факс: +389 2 3237650;
E-mail:info@zkomora.com.mk

Од: **Занаетчиска комора Скопје**

**До:**

- **Влада на РМ**

**Претседател на Влада на РМ**
**г-дин Емил Димитриев**
**Заменикпретседател на Влада за економски прашања**
**Г-дин Владимир Пешевски**

- **Централен регистар на РМ**

**Регистратор Добре Наунов**

- **Управа за јавни приходи –Регионална дирекција Скопје**

**Директор**

**ПРЕДМЕТ: Иницијатива за промена на 552-б од Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва**
**(Сл. Весник на РМ бр. 38/2014)**

Скопје,11.11.2016 година

Почитувани,

Занаетчиска комора Скопје доставува иницијатива за промена на чл. 552-б во Законот за трговски друштва (Сл. Весник на РМ бр. 38/2014), кој гласи:

1) Во постапката определена во чл. 552-а од овој закон од трговскиот регистар се бришат трговец поединец и трговско друштво ако е исполнета една од следниве причини:

- Не доставиле годишна сметка и финансиски извештаи за последната деловна година до последниот работен ден од тековната година и,

- Не пријавиле упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена достава согласно со чл. 21 став 4 од Законот за едношалтерски систем,

Иницијативата за промена на чл. 552-б од Законот за трговски друштва ја поднесуваме затоа што не е во ред да се избрише активен правен субјект кој што не доставил годишна сметка и финансисиски извештај за последната деловна година или не пријавил упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена.

Занаетчиска комора Скопје ул.Битпазарска бр.12
1000 Скопје; тел/факс: +389 2 3237650;
E-mail:info@zkomora.com.mk

Правните субјекти можеби поради невнимание нема да го отворат електронското сандаче, подолг временски период и електронското сандаче станува неактивно, но тоа не треба да е причина за бришење на правните субјекти, сметаме со примената на овој член од законот ќе се предизвикаат голем број на бришења на активни субјекти само поради неактивна емаил адреса, или недоставена годишна сметка и финансиски извештаи за последната деловна година.

Предлагаме да се додаде алинеја 3 која што гласи:

- Се случува паушално оданочен и ослободен од поднесување на годишна сметка и финансиски извештаи согласно чл. 31 од Законот за персонален данок на доход (Сл. Весник на РМ бр. 80/93....199/2015), биде избришан без правен основ.
- Бидејќи паушално оданочените субјекти се микро бизниси и тие не отвараат веб страна на ЦРМ и не знаат дека се избришани и не можат да поднесат жалба и се приморани повторно да се регистрираат а притоа губат одредени права кои ги имаат стекнато при регистрација .
- Истото се случува и емаил адресите кои се на yahoo ако не ги отворат подолго време тие ги бришат, а тиое не знаат така да сметаат дека имаат емаил адреса која е пријавена во ЦРМ , а во меѓувреме се бришат од регистарот.
- Поради овие причини бараме да се покрене иницијатива заизмена на овој член 552 –б и во случај на бришење на правниот субјект по сила на закон носителот на дејност да биде информиран за бришењето во писмена форма и информацијата да биде доставена до носителот на дејноста и покрај тоа што се објавува на веб страната на ЦРМ.

Погоренаведеното го бараме затоа што многу субјекти кои се избришани по сила на закон информацијата не ја следат на веб страната и се активни иако даночниот и матичниот број на субјектот е згаснат.

При креирање на законските измени треба да се земат предвид и последиците од законските измени затоа што со бришењето на правните субјекти згаснуваат и деловните договори кои ги имаат склучено, работните односи се прекинуваат по сила на закон како и здравственото и социјалното осигурување на основачите и вработените лица во правните субјекти.

Се надеваме дека со овие мали измени ќе создадеме позитивна клима за работа на малите и микро бизниси кои најмногу ќе бидат подложени на оваа законска одредба.

Занаетчиска комора Скопје
Претседател
Никола Петров

Почитувани занаетчии,

Занаетчиска комора Скопје Ве известува дека по барање на комората врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 05/02) а во врска со член 6 став 1 точка 6 од Законот за комунални такси ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/12), Советот на Град Скопје на седумдесет и осмата седница, одржана на 24 декември 2012 година, донесена е

## ОДЛУКА

за прогласување на дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање на подрачјето на Град Скопје

Со оваа одлука Советот на Град Скопје определува дека на подрачјето на Град Скопје дефицитарни занаетчии и занаети во изумирање се: ковачи, грнчари, лимари, казанџии, копчари, свеќари, крзнари, шапкари, изработувачи на сувенири (ракотворби), јорганџии, опинчари и саатчии.

Дефицитарните занаети и вршителите на занаети во изумирање на подрачјето на Град Скопје се ослободени од плаќање на комунална такса за фирма односно назив на деловна просторија.

Доколку вршите занаетчиска дејност од погоренаведените занаети и сте задолжени од Град Скопје за плаќање на комунална такса за фирма,
Ве молиме обратите се во Занаетчиската комора Скопје
на тел. 078 312-134, 071 991-981

**Со почит**
**Занаетчиска комора Скопје**

# БАЗАРИ ПО ПОВОД 8-МИ МАРТ -ДЕНОТ НА ЖЕНАТА



Занаетчиска комора Скопје, Градски трговски центар и Здружение на сопственици на дуќани во Градски трговски центар Скопје, организираше 8-мо мартовски базар по повод Денот на жената, од 06-08 март, во приземјето на Градскиот трговски центар, со 14 продажни штандови.
Во организација на Занаетчиска комора Скопје се организираше и 8-мо мартовски базар во ТЦ Рамстор, од 6-8 ми март. Занаетчиската комора Скопје веќе неколку години соработува со трговските центри во организирање на базари на креативни уметнички занаети.














Занаетчиска Комора - Скопје, организираше новогодишен базар во периодот од 23-27.12.2016 во ТЦ Рамстор

# ДОСТАВЕНИ ИНЦИЈАТИВИ ОД КОМОРАТА

ZANAET'ISKA KOMORA SKOPJE ул.Bitpazarska br.12 1000 Skopje; tel/faks ++389 2 3237850; 3222957; e-mail:info@zkomora.com.mk

До:
**Град Скопје**
**Градоначалник г-дин Коце Трајановски**

**ДО Совет на град Скопје**
**Претседател г-ѓа Ирена Мишева**

**Сектор за локален економски развој**
**Раководител Г-дин Слободан Косев**

**Сектор за планирање и уредување на просторот**
**Одделение за просторно и урбанистичко планирање**
**раководител**

Од: **Занаетчиска комора Скопје**

Предмет: **Барање за утврдување процедури за поставување на урбана опрема за продажба на производи од секциите слаткари и пекари при Занаетчиската комора Скопје**

ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ
Бр. 0302-184
07.04. 2016 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Занаетчиската комора Скопје го поднесува ова барање до Градот Скопје со цел да им се даде можност на занаетчиите за поставување урбана опрема и продажба на слаткарски производи(сладолед, шеќерна волна, ) и пекарски производи (гервеци, кифлички, сусамки и сл.) на територија на градот Скопје затоа што навистина има потреба од овој тип на урбана опрема и продажба на занаетчиски производи во градот Скопје.

Со цел да се намалат административните посталки и трошоците за добивање одобрение за поставување на урбана опрема за продажба на занаетчиски производи од областа на пекарството и слаткарството во објекти кои се целосно приспособени за таа намена, предлагаме Град Скопје да утврди поедноставени процедури за занаетчиите да добијат можност своите производи да ги продаваат на места на кои има потреба од урбана опрема и продажба на занаетчиски производи како на пример Градски парк, Зоолошката градина, Луна Паркот и сл. .

Сметаме дека нема потреба од доставување на елаборат за кој занаетчијата ќе има дополнителен трошок за изработка на истиот и големо финансиско оптеретување за занаетчијата; туку треба да се изработи терк на барање за поставување на урбана опрема и продажба на производи во градот кое барање треба да ги содржи следните податоци и прилози:

ZANAET'ISKA KOMORA SKOPJE ул.Bitpazarska br.12 1000 Skopje ; tel/faks ++389 2 3237850; 3222957; E-mail:info@zkomora.com.mk

---

ZANAET'ISKA KOMORA SKOPJE ул.Bitpazarska br.12 1000 Skopje; tel/faks ++389 2 3237850; 3222957; e-mail:info@zkomora.com.mk

- Назив на фирма и деловно седиште, извод од соодветен регистар (решение од Занаетчиска комора, тековна состојба од ЦРМ), доказ дека се исполнети минимално техничките услови за вршење на дејноста,
- Документ за упис во регистар на оператори со храна издаден од Дирекција за храна

Доколку се прифати овој предлог од страна на Советот на Град Скопје, ќе се надмине проблемот на занаетчиите пекари и слаткари ,но и за сите стопанственици во делот на продажбата на своите производи од место во место кои што се оспособени за вршење на продажба на терен со уплата на паушален износ за поставување на урбана опрема и добивање на одобрение за продажба на определена локација од страна на град Скопје.

Се надеваме дека нашиот предлог позитивно ќе биде прифатен од Ваша страна

Ви Благодариме

Со почит,

Занаетчиска комора Скопје
Претседател
Никола Петров

Скопје,06.04.2016 год.

---

**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 320
02/ 3 297 247

Наш број:
13-2720/2
10.06.2016 год.
Скопје

Ваш број:

Скопје

**ДО: Занаетчиска комора Скопје**
Ул. „Битпазарска" бр. 12
1000 Скопје

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање од 07.04.2016 година со бр. 13-2720/1 доставено до Град Скопје, Сектор за планирање и уредување на просторот - Одделение за просторно и урбанистичко планирање, со кое барате промена на процедурите за поставување на урбана опрема за продажба на производи од секциите на слаткари и пекари при Занаетчиската комора, Ве известуваме следното:

Советот на Град Скопје на својата педесет и седма седница одржана на 30 ноември 2015 година ја донесе Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на град Скопје за период 2015-2019 година. Програмата е донесена во соработка со сите Општини во градот Скопје.

Со оваа Програма не се предвидени локации за мобилна продажба на јавни површини во градот. При следното изменување и дополнување на програмата ќе бидат разгледани овие барања.

Ако се предвидат локации за слободна продажба на производи од секциите на слаткари, пекари и друго, за вршење на дејност надвор од деловен простор која не е условена со постоечки деловен простор и процедурата ќе биде поедноставена.

Со почит,

Раководител на Сектор
Александар Јанајиески, диа

# ПРОЛЕТЕН БАЗАР НА ДОМАШНИ РАКОТВОРБИ 19-20 МАЈ 2016 ГОДИНА



"Пролетниот базар на домашни ракотворби" се одржа на 19-20 мај 2016 година, Плоштад Филип Втори организиран од страна на Занаетчиската комора Скопје, финансиски



подржан од Градот Скопје. На Пролетниот Базар се презентираа домашни и уметнички ракотворби и избор на најавтентичен сувенир на Град Скопје.

Пролетниот базар го отвори претседателот на Занаетчиската комора Скопје - Никола Петров, градоначалникот на град Скопје Коце Трајановски и раководителот на секторот ЛЕР-Град Скопје Слободан Ќосев.

Во рамките на проектот се избраа автентични сувенири на Градот Скопје и тоа:

**I место**
**Андријана Алексовска**
Андреевска АНИ СОРО
*Двокатен автобус од филигран*
*Црвен автобус брош од сребро излеано течно стакло во црвена боја*

**II место**
**Јасмина Главинчевска**
**ВИЗАРТ**
*Магнети*

**III место**
**Елена Поповска**
*мапа на Скопје ѓердан од плексиглас*

**Ивана Кнез**
**ДРАМА-везилка**
*ѓердан од плексиглас*

Реализацијата на Проектот Пролетен базар на домашни ракотворби произлегува од Стратегијата за негување и развој на занаетчиството како мерка и инструмент за развој на занаетчиството, како манифестација на богато занаетчиско знаење,уметност која ја нудат занаетчиите од територијата на град Скопје.

Истражувањата укажуваат на потребата од креирање мерки за подршка и потикнување на занаетчиството кој што како дел од стопанството претставува сектор кој има долга традиција и култура во нашата земја.

Во градот Скопје заклучно со 2015 година се регистрирани околу 2000 занаетчии како физички лица од кој дел од нив се регистрирани за вршење на занаетчиски дејности од областа на домашните ракотворби и уметничките занаетчиски дејности.

Делот од занаетчиството кој што е врзан со уметничкото занаетчиство има богата традиција во овој регион и во целата земја.Исто така уметничкото занаетчиство е важен дел за развојот на локално економскиот развој, и креирање на туристичка понуда на производи за развој на туризмот во овој регион. Во Стратешкиот план 2014-2018 на Локално економскиот социјален совет на градот Скопје една од стратешките активности е подршка на креативното претприемништво.

Целта на Проектот Пролетен Базар на домашни ракотворби, ќе се реализира презентација на изработените креатив-



ни производи од членовите на Занаетчиската комора Скопје, од сите дејности кои ги покриваат домашните ракотворби, и уметничките занаетчиски дејности.

На Базарот учествуваа креативните занаетчии од редот на



домашни уметнички ракотворби и тоа: изработувачи на накит од филигран, накит од мониstra, слики од срма, плетени и ткаени производи, папуџии, јорганџии, производи од дрво и други рачно изработени производи.







# ДОСТАВЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ ОД КОМОРАТА

Занаетчиска комора Скопје ул.Битпазарска бр.12
1000 Скопје, тел/факс :+389 2 3237880;
E-mail:info@zkomora.com.mk

Од: Занаетчиска комора Скопје

До:

- Влада на РМ

Претседател на Влада на РМ
г-дин Емил Димитриев
Заменикпретседател на Влада за економски прашања
Г-дин Владимир Пешевски

- Централен регистар на РМ

Регистратор Добре Наунов

- Управа за јавни приходи –Регионална дирекција Скопје

Директор

**ПРЕДМЕТ: Иницијатива за промена на 552-б од Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Сл. Весник на РМ бр. 38/2014)**

Скопје,11.11.2016 година

Почитувани,

Занаетчиска комора Скопје доставува иницијатива за промена на чл. 552-б во Законот за трговски друштва (Сл. Весник на РМ бр. 38/2014), кој гласи:

1) Во постапката определена во чл. 552-а од овој закон од трговскиот регистар се бришат трговец поединец и трговско друштво ако е исполнета една од следниве причини:

- Не доставиле годишна сметка и финансиски извештаи за последната деловна година до последниот работен ден од тековната година и,

- Не пријавиле упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена достава согласно со чл. 21 став 4 од Законот за едношалтерски систем,

Иницијативата за промена на чл. 552-б од Законот за трговски друштва ја поднесуваме затоа што не е во ред да се избрише активен правен субјект кој што не доставил годишна сметка и финансисиски извештај за последната деловна година или не пријавил упис на адреса на електронско сандаче за прием на писмена.

Правните субјекти можеби поради невнимание нема да го отворат електронското сандаче, подолг временски период и електронското сандаче станува неактивно, но тоа не треба да е причина за бришење на правните субјекти, сметаме со примената на овој член од законот ќе се предизвикаат голем број на бришења на активни субјекти само поради неактивна емаил адреса, или недоставена годишна сметка и финансиски извештаи за последната деловна година.

Предлагаме да се додаде алинеја 3 која што гласи:

- Се случува паушално оданочен и ослободен од поднесување на годишна сметка и финансиски извештаи согласно чл. 31 од Законот за персонален данок на доход (Сл. Весник на РМ бр. 80/93....199/2015), биде избришан без правен основ.
- Бидејки паушално одданочените субјекти се микро бизниси и тие не отвараат веб страна на ЦРМ и не знаат дека се избришани и не можат да поднесат жалба и се приморани повторно да се регистрираат а притоа губат одредени права кои ги имаат стекнато при регистрација .
- Истото се случува и емаил адресите кои се на yahoo ако не ги отворат подолго време тие ги бришат, а тиое не знаат така да сметаат дека имаат емаил адреса која е пријавена во ЦРМ , а во меѓувреме се бришат од регистарот.
- Поради овие причини бараме да се покрене иницијатива заизмена на овој член 552 –б и во случај на бришење на правниот субјект по сила на закон носителот на дејност да биде информиран за бришењето во писмена форма и информацијата да биде доставена до носителот на дејноста и покрај тоа што се објавува на веб страната на ЦРМ.

Погоренаведеното го бараме затоа што многу субјекти кои се избришани по сила на закон информацијата не ја следат на веб страната и се активни иако даночниот и матичниот број на субјектот е згаснат.

При креирање на законските измени треба да се земат предвид и последиците од законските измени затоа што со бришењето на правните субјекти згаснуваат и деловните договори кои ги имаат склучено, работните односи се прекинуваат по сила на закон како и здравственото и социјалното осигурување на основачите и вработените лица во правните субјекти.

Се надеваме дека со овие мали измени ќе создадеме позитивна клима за работа на малите и микро бизниси кои најмногу ќе бидат подложени на оваа законска одредба.

Занаетчиска комора Скопје
Претседател
Никола Петров

## УСЛУГИ КОИ ГИ НУДИ ЗАНАЕТЧИСКА КОМОРА СКОПЈЕ



- Регистрација на занаетчии преку едношалтерски систем
- Упис на ТП, ТД (ДОО,ДООЕЛ) во евиденција на вршители на занаетчиска дејност за добивање лиценца
- Заверка на договори за практична обука на ученици кај занаетчии
- Спроведување на постапка за вработување и престанок на работен однос на работници и постапка за ослободување од плаќање придонеси за пропишаната категорија на лица
- Регулирање на пензиски стаж со изготвување на М4 обрасци
- Совети за отпочнување на бизнис, бесплатни правни совети и финансиски и даночни советувања
- Изработка на елаборати за заштита на животна средина за занаетчии по најповолни цени
- Упис, промена, ликвидација и стечај на ТП, ТД (ДОО, ДООЕЛ)
- Спроведување на стечај за занаетчии
- Посредување при изготвување на потребни документи согласно Законот за безбедност и здравје при работа
    - Систематски прегледи
    - Обуки за прва помош
    - Изготвување на проценка на ризик со изјава за безбедност
    - План за евакуација и спасување во случај на опасност
- Организирање на деловни средби,учество на семинари, настапи на саеми и базари за своите членови
- Организирање на обуки за занаетчиски занимања  во Центарот за образование на возрасни на Занаетчиска комора Скопје


веб страна: www.zkskopje.org.mk
FB. Zanaetciska Komora Skopje Skopje

Издава: Занаетчиска комора Скопје

Ул. Битпазарска бр.12, 1000 Скопје

Телефон: +389 (0) 23237-850 Централа
Email: info@zkomora.com.mk
snezana.denkovska@zkomora.com.mk

Дизајн и припрема:
Снежана Денковска,
Анета Атанасовска

Печати: Полиестердеј
ISSN 1857-8322